Врз основа член 6 став (2) од Законот за волонтерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15 и 44/15), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО СТРУЧНАТА СЧУЖБА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Програма се уредува потребата од ангажирање на волонтери во стручната служба на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), постапката за обезбедување на волонтери како и условите и начинот на вршење на волонтерски услуги.

### Член 2

Волонтер во стручната служба на Комисијата може да биде физичко лице, кое е во фаза на стекнување или има стекнато високо образование и има интерес и желба да ги надгради своите лични способности и капацитети преку учество во работата на стручната служба на Комисијата.

### Член 3

(1) Комисијата осигурува еднакви услови за волонтерство за сите заинтересирани кандидати без разлика на расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, религиозното или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, сексуална определба, полова насоченост или други лични околности.

(2) Секое лице заинтересирано да дава услуги, вештини и знаења во корист на работата на стручната служба на Комисијата, а кое ги исполнува условите од членот 2 на оваа програма може да аплицира на e-mail адресата contact@kszd.mk

## ИЗБОР И СЕЛЕКЦИЈА

### Член 4

Комисијата како организатор на волонтерската работа од редот на вработените во Стручната служба формира Комисија за селекција на волонтери составена од три члена која врши проверка и избор на пријавените кандидати согласно критериумите и потребите на стручната служба на Комисијата.

### Член 5

По извршениот избор, избраните кандидати се вклучуваат во работата на Стручната служба на Комисијата.

## ПЕРИОД НА ПРИМЕНА

### Член 6

Оваа програма ќе се применува во периодот од 01.04.2022 до 31.12.2023.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВОЛОНТЕРИТЕ

### Член 7

Волонтерот за давањето на услугите, знаењето и вештините за работи од надлежност на Стручната служба на Комисијата има право на надоместок на трошоците за храна и трошоците за превоз за доаѓање до Комисијата и враќање до местото на живеење во висина од 15% од просечната месечна плата во Република Северна Македонија, право на надоместок на трошоци за службени патувања и трошоци за обука доколку за тоа има потреба.

### Член 8

Односите меѓу Комисијата како организатор на волонтерската работа и волонтерите се уредуваат со склучување на Договор во писмена форма кој ги содржи следните податоци:

- адреса, назив и седиште на договорните страни;
- предмет на договорот;
- место на волонтирање;
- времетраењето на волонтирање;
- меѓусебни права и обврски на договорните страни;

- надоместок на трошоците за храна и превоз;
- датумот и местото на склучување на договорот.

### Член 9

(1) Комисијата за спречување и заштита од дискриминација води евиденција на волонтерската работа за сите волонтери.

(2) Евиденцијата се води електронски и треба да содржи:

- реден број;
- лични податоци;
- број на договор;
- времетраење на волонтирање;
- вид на обука доколку волонтерот ја имал за време на волонтирањето.

## ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВОЛОНТЕРИ

### Член 10

(1) Договорот са волонтерство престанува со:

- истекот на временскиот рок за кој е склучен;
- со спогодбено раскинување;
- со денот на правосилна одлука за одземање на деловната способност на волонтерот;

(2) Комисијата за спречување и заштита од дискриминација може да го раскине договорот за волонтерство:

- со престанување на потребата за волонтирање;
- кога се констатира дека волонтерот не ги исполнува договорните обврски;
- во случај на кршење на етичките норми донесени за одредени облици за волонтирање.

(3) Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот да ја достави до другата договорна страна во рок од 5 дена од денот на раскинување на договорот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Оваа Програма стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 01-232/1

06-04-2022 година

Скопје

Претседател на

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,